Архивски број: 08-417/ 9
Датум: 15.10.2026 **година**

Врз основа на член 21 став (1) точка 14 и член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/20), постапувајќи по Претставка бр. 08–417/1 од 22.04.2026 година, поднесена од страна на ///// со адреса на живеење ///// против /////, со седиште на ///// и вработени во /////, за сторена дискриминација врз основа на пол, во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) го донесе следното

М И С Л Е Њ Е

СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на пол, во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита сторена од страна на ///// кон /////.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на /////, на ден 22.04.2026 година до Комисијата е поднесена Претставка за заштита од дискриминација врз основа на пол, во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита сторена од страна на ///// (во натамошниот текст: /////) и вработени во /////, заверена со архивски бр. 08-417/1.

Во претставката подносителот наведува дека истата ја поднесува против ///// и вработени во истата на работна позиција психолог и социјален работник, кои ги наведува како одговорни за спроведување на директна дискриминација и на работна позиција правник, контролор и раководител, за кои наведува дека се одговорни лица кои спроведуваат индиректна дискриминација. За наведените подносителот наведува дека се одговорни за неговиот случај пред ///// во врска со старателството над неговите две ќерки и дека спрема него вршат дискриминација по асоцијација, бидејќи се поистоветуваат со мајката на неговите деца, мајчинството и фактот дека се жени. Наведува дека ///// ги одобрува негативните постапки на мајката на неговите деца со тоа што од нивна страна не се преземаат никакви мерки за спроведување на Решение кои тие самите го издале. Со тоа смета дека ///// води нееднаков третман кон него во однос на мајката на неговите деца.

Во образложението на претставката подносителот дава опис на настан од 19.05.2025 година во кој е инволвирано едно од неговите деца, како и на настан од 29.12.2025 година, пријавен во полиција. Во врска со тој настан наведува поинтензивно испрашување од вработените од ///// кои ги посочува како потенцијални сторители на директна дискриминација, кои откако слушнале за целиот настан, подносителот наведува дека се смириле.

Подносителот наведува дека Установата веднаш реагира на пријави од мајката на децата, но дека во периодот од 02.09.2025 па се до април 2026 година по неговите пријави кога мајката неоправдано ги задржува децата кај неа и не му ги дава да ги види во времето како што

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

е определено со Решението, и покрај тоа што има и 8 пријави во полиција, ///// не презел ништо да и наложи на мајката да почне да го извршува Решението и да може тој да почне да си ги гледа своите деца во термините кои се предвидени со Решението. Наведува дека ///// е известен и за тоа дека мајката не сакала да зборува ни за надополнувањето на изгубените денови како што е предвидено со Решението, но дека не реагира и не постапува.

Во образложението, подносителот наведува дека неговата помала ќерка ја нема видено 4 месеци од последните скоро 8 месеци, за поголемата ќерка наведува дека поради здравствени причини не и било дозволено да се гледа со него, но кога можела, не му било овозможено да ги надополни деновите за видување.

Подносителот скршен од болка поради не можноста да ги гледа своите деца поради себичноста, осветољубивоста и злобноста на неговата поранешна сопруга, бил принуден да пријавува и во полиција, каде пријавил 8 пати, но од каде добил одговор дека повеќе нема да примаат пријави од него. На сите негови поплаки и пријави ///// не реагирал и не сакал да го спроведе Решението издадено од самиот /////, што не е случај за мајката на децата. Наведува за обврските на ///// согласно Законот за заштита на децата против родителот кој не го спроведува Решението, но смета дека со не постапувањето ///// како да ја поттикнува мајката на децата да ги задржува спротивно на Решението. Со таквото постапување на ///// и на вработените кои работата на нивниот случај го ставаат во нееднаква позиција во однос на мајката на децата при остварувањето на правата за видување на децата содржани во Решението од /////. Наведува дека дискриминацијата која посочените вработени во ///// ја вршат кон него е по асоцијација, дека како жени и некои од нив и како мајки се поистоветуваат со мајката на децата и со тоа ги занемаруваат неговите права за видување како татко на децата. За раководителот кој го посочува наведува дека врши индиректна дискриминација, затоа што и покрај своите законски обврски да ја надгледува и да врши надзор над работата на посочените вработени кои според него му вршат директна дискриминација, таа не постапила на никаков начин скоро 8 месеци. На крајот од образложението на претставката, подносителот наведува дека во општеството има социјална стигма дека мажите ги тепаат жените, институциите не реагираат итн., но наведува и дека многу малку се зборува за манипулативноста на мајките кон татковците и за дискриминаторскиот однос на ///// кон татковците и смета дека не е единствен татко во државата кој се соочува токму со дискриминација од /////.

Во прилог подносителот доставува примероци од Решението ///// од ///// година на /////, електронска комуникација со /////, Потврди од Министерството за внатрешни работи за пријави на 02.09.2025 година, 30.09.2025 година, 14.10.2025 година, 02.12.2025 година и од 27.12.2025 година.

* * *

Согласно одредбите од член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата со Барање за произнесување бр. 08-417/2 од 04.05.2026 година се обрати до /////, од каде е доставен Одговор на 02.06.2026 година, во Комисијата заверен со бр. 08-417/3. Во Одговорот наведуваат дека во врска со предметот на подносителот и неговата поранешна сопруга кој се води пред нивната установа, последно се постапува по поднесено Барање за измена на Решението со кое се регулирани личните односи и непосредни контакти на малолетните деца со нивниот татко како родител со кого не живеат. Во врска со наводите на подносителот за дискриминација врз основа на пол, од ///// ги негираат и наведуваат дека работат професионално и родителите ги третираат како еднакви и со нив се работи во насока

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

на заштита на правата и интересите на малолетните деца. За конкретниот случај со подносителот, наведуваат дека е работено и со двајцата родители во повеќе наврати советодавно во насока на подобрување на родителските капацитети, заради заштита на најдобриот интерес на малолетните деца. Од ///// наведуваат дека на двајцата родители им е укажано од потребата за почитување на Решението на ///// и дека во спротивно од страна на ///// ќе бидат преземени дополнителни дејствија.

Комисијата согласно одредбите од членот 29 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на ден 17.07.2026 година изврши увид кај посочениот дискриминатор, од каде информираа дека се запознаени со предметот и дека во предметното Решение нема промена, за вработените кои работат на предметот на и дека психологот кој е назначен за предметот на подносителот е на породилно отсуство. Исто така известија дека поради отпорот за гледање кој го покажувало поголемото дете и дека се наоѓа во тешка психичка состојба, бил известен подносителот на ден 20.05.2026 година, поради што се јавила и потребата од промена на Решението, но истото не е се уште променето, но дека по однос на утврденото во Решението што се однесува на помалото дете, нема никакви промени. На 02.06.2026 година од ///// извршиле вонреден инспекциски надзор во врска со предметот, а на 03.06.2026 година било испратено писмено укажување до мајката за постапување по Решението, прво такво и дека од тогаш нема никакво известување до ///// од било кој родител. Од ///// информираа за постапката дека после 3 писмени укажувања, од нивна страна се поднесува кривична пријава, но дека од страна на Основното јавно обвинителство нивните пријави се одбивани, бидејќи , не станува збор за акт кој се води по службена должност. Дополнително, од страна на ///// во Комисијата е доставено Известувањето со укажување упатено до мајката. Од увидот е составен Записник со бр. 08-417/7.

Комисијата упати барање до подносителот за дополнителни информации, кои од негова страна беа доставени на 22.07.2026 година, во Комисијата заверени со бр. 08-417/8. Подносителот информира дека по извршениот разговор на 20.05.2026 во ///// тој не остварува било каков контакт со неговите деца и дека ситуацијата е непроменета уште од 24.02.2026 година и во прилог доставува примерок од Ургенција и повторно барање за итно постапување упатено преку адвокат полномошник до /////, каде е уредно примено на 05.06.2026 година, како и примерок од Барањето од 20.05.2026 година.

* * *

Со одредбата од членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се утврдуваат дискриминаторските основи и истата гласи: „***Се забранува секоја дискриминација*** *врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)*". Со одредбата од членот 6 од истиот закон се утврдува дефиницијата за дискриминација, која е уредена на следниот начин: ***„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно***

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.", додека пак со одредбата од членот 8 став (1) од истиот закон директната дискриминација се утврдува на следниот начин: *„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.".*

Членот 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 99/22, 236/22, 273/22, 65/23 и 192/25), гласи:

*„**Социјалната заштита е дејност од јавен интерес** која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел:*

- *промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните,*
- *спречување на социјалната исклученост,*
- *подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и*
- *зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.".*

Членот 16 од претходно наведениот закон, насловен „Начело на еднаков третман и недискриминација", гласи:

„Корисникот има право на социјална заштита, која се заснова на еднаков и рамноправен третман.

***Се забранува секаков вид и облик на дискриминација** врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа во остарување на парична помош од социјална заштита и социјални услуги, утврдени со овој закон.*

Заштитата од дискриминација се обезбедува согласно со Законот за спречување и заштита од дискриминација.".

Одредбата од членот 113 став (1) од Законот за социјална заштита, гласи: ***„Центарот за социјална работа се основа како јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита.".***

Одредбата од членот 14 став (1) од Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/92, 09/96, 19/00, 18/01, 79/01, 38/04, 60/05, 33/06, 84/08, 117/09, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 28/14, 115/14, 138/14, 104/15, 150/15 и 122/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 51/21, 53/21, 199/23 и 192/25), гласи: *„Работите сврзани со посебната заштита и помош на семејството, семејното насилство, дел од работите сврзани со посвојувањето, **како и работите на старателството,** утврдени во овој закон, **ги врши центар за социјална работа** со методите на стручната, советодавната и советовалишната интердисциплинарна тимска работа.".*

Одредбата од членот 45 став (1) од Законот за семејството гласи: *„Родителското право им припаѓа на мајката и на таткото подеднакво.".*

Одредбата од членот 47 став (3) од Законот за семејството гласи: *„Детето има право да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее.*", одредбата од

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

ставот (4) од истиот член гласи: *„**Родителот со кого детето не живее има право и должност да одржува лични односи и непосредни контакти со своето дете.**“*.

Членот 76 од Законот за семејството гласи:

„Родителското право родителите го вршат заеднички и спогодбено.

***Во случај на несогласување на родителите во вршењето на родителското право решава центарот за социјална работа.**“*.

Членот 79 од Законот за семејството гласи:

„Во случаите кога родителите на детето не живеат заедно тогаш тие се спогодуваат за начинот на одржување на личните односи и непосредните контакти со детето. Доколку родителите на детето во рок од најмногу два месеца не се согласат за начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти со детето, центарот за социјална работа донесува решение за тоа.

При определување на личните односи и непосредните контакти на детето со родителот, центарот за социјална работа го информира детето и ги зема предвид неговите ставови и мислења во зависност од возраста и степен на развиток и го известува за можните последици од одлуките.

Центарот за социјална работа по барање на родителот може одново да го уреди начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти на родителите со децата ако тоа го бараат изменетите околности.

Одржувањето на личните односи и непосредни контакти на децата со родителите може да се ограничи или привремено да се забрани само заради заштита на здравјето и на другите интереси на детето.

Во случај кога не се остварува правото на малолетното дете да одржува непосредни контакти со родителите и други блиски роднини на родителот кој е умрен, на кого му е одземено родителското право или од други причини е спречен да го врши родителското право, Центарот за социјална работа, донесува решение за начинот на одржување па непосредните контакти.“.

Одредбата од членот 2 став (1) и став (2) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/158, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/20, 17/25, 132/25, 125/26 и 183/26), гласи:

„Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика.

Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата.“.

Членот 4 од Законот за заштита на децата гласи: *„Во примената на одредбите од овој закон се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, **исклучување на каква било форма на дискриминација,** почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.“*.

Членот 8 од Законот за заштита на децата гласи: *„Дејноста на заштитата на децата е од јавен интерес.“*, додека пак членот 9 гласи: *„Во обезбедувањето на заштитата на детето и*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

неговите права утврдени со закон се вклучени: родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, како и од установите за деца, образовните, ***социјалните,*** *здравствените и културните* ***институции*** *и поединци,* ***државни институции*** *и институции на единиците на локалната самоуправа, организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.“*

Членот 12 став (1) од Законот за заштита на децата гласи: *„Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.“.*

Членот 13 од Законот за заштита на децата гласи:

„Се забранува секаков вид на директна или индиректна дискриминација и малтретирање ***во остварување на правата и облиците на заштита на децата*** *утврдени со овој закон.*

Забраната од ставот (1) на овој член се однесува на ***сите установи за социјална заштита и социјална сигурност кои решаваат за правата утврдени со закон****, јавните установи за деца основани од Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), јавните установи за деца основани од општина, општините во градот Скопје, градот Скопје и приватните установи за деца основани од правни и физички лица, правно лице запишано како агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст, како и физичко лице кое врши одредени работи од дејноста згрижување и воспитување на деца како професионална дејност.“.*

Одредбата од членот 14 став (1) од Законот за заштита на децата гласи: *„Директна дискриминација постои* ***кога со барателот*** *или корисникот на заштита на децата се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“,* а одредбата од членот 15 став (2) од истиот Закон гласи: *„Секое дискриминаторско дејствие* ***сторено во вршењето на службената должност*** *претставува основ за поведување на постапка за дискриминација согласно со Законот за спречување и заштита од дискриминација.“.*

* * *

Во смисла на претходно наведените законски одредби, земајќи ги во предвид сите наводи изнесени во претставката на подносителот, информациите добиени при спроведениот увид во Центарот и нивното писмено произнесување, Комисијата утврди дека од страна на ///// и вработените во ///// на ///// не му е оневозможен еднаков и рамноправен третман, односно кон подносителот е сторена директна дискриминација врз основа на пол.

Имено, ///// како јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања заради вршење на работите од социјалната заштита, која согласно Законот за социјалната заштита е дефинирана како дејност од јавен интерес, во смисла на одредбите од членот 16 од напред наведениот закон, членот 12 став (1) и членот 13 од Законот за заштита на децата и членот 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, должен е, односно има законска обврска на сите корисници, да им обезбеди еднаков и рамноправен третман.

Видно од бројот на приложените примероци од пријавите на подносителот до Министерството за внатрешни работи – 5 пријави во период од 4 месеци (септември – декември

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

2025 година) и содржината на истите, пријава за мајката на неговите деца поради непочитување на Решението на /////, со кои подносителот ги запознал и вработените од ///// (видно од скрин од електронска комуникација на електронската пошта од /////), а непреземањето на соодветни процесни дејствија од нивна страна, подносителот го ставиле во нерамноправна положба и добил нееднаков третман во однос на неговата поранешна сопруга, а дополнително што со тоа е ставен и интересот на децата во критична состојба. Имено, подносителот до /////, кога и остварил и разговор со вработените на 20.05.2026 доставил писмено Барање за преземање на итни мерки и Ургенција по истото на 05.06.2026 година, загрижен пред се за здравствената состојба на неговата поголема ќерка, со оглед на тоа дека неговата поранешна сопруга токму состојбата на детето ја користи како изговор да не му дозволува видување со децата и покрај обврската со Решението на /////. За постапувањето на ///// по Барањето, согласно нивното информирање на извршениот увид дека е упатено писмено укажување и дополнувањето на претставката од страна на подносителот од 17.07.2026 година со информација дека и по остварената средба од 20.05.2026 година, состојбата останала непроменета, ниту остварил видување со децата, ниту пак е известен од ///// дали и воопшто се преземени некои мерки за итно постапување согласно неговото барање, може да се констатира дека ///// и вработените во ///// не ги исполнуваат во целост своите законски обврски кои произлегуваат од предметните закони. Исто така, за забележување е и содржината на Укажувањето на ///// упатено до мајката на децата земено во контекст на содржината и тежината на Барањето на таткото за итно постапување на /////, кое се однесува на нарушената здравствена состојба на поголемата ќерка. Дополнително загрижувачко што го констатира Комисијата е и фактот/информацијата добиена од самите вработени од ///// при спроведување на увидот, дека од страна на Основното јавно обвинителство не се постапува по нивните пријави, кои тие се должни да ги упатуваат после 3 писмени укажувања, земајќи го во корелација со фактот дека кон поранешната сопруга на подносителот од страна на ///// е упатено само едно писмено укажување на 03.06.2026 година. Загрижувачкиот елемент произлегува од фактот дека ///// со непочитувањето на обврските од нивното Решение од страна на поранешната сопруга на подносителот се запознаени уште во септември 2025 година и дека понатаму за секое нејзино непочитување на Решението се известувани од подносителот, но од нивна страна првото писмено укажување е упатено дури на 03.06.2026 година.

Видно од целокупно обезбедените информации, фактичката состојба во корелација со недоследната и нецелосна примена на обврските кои произлегуваат од предметните закони, ја отсликува инертноста на системот за социјална заштита, што во конкретниот случај резултирало со понеповолен дискриминаторски однос кон подносителот, а со тоа бил ставен на ризик и најдобриот интерес на децата, особено здравствената состојба на поголемото дете.

* * *

Согласно се горе наведено, Комисијата утврди дека од страна на ///// и вработените во ///// е сторена директна дискриминација врз основа на пол, во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита кон /////, и се одлучи како во диспозитивот на ова Мислење, а согласно одредбите од ставот (2) од членот 27 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ги дава следните:

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

ПРЕПОРАКИ

1. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на ///// и на вработените во ///// по однос на предметот на подносителот доследно да ги применуваат законските обврски и навремено без пасивност во постапувањето да преземат процесни дејствија кои им ги налагаат предметните закони, со што ќе отстрани нееднаквиот и нерамноправен третман кон подносителот.**
2. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на ///// во рок од 60 дена од денот на приемот на Мислењето да организира обуки за вработените за заштита и спречување од дискриминација и за истото писмено да ја извести Комисијата.**
3. **СЕ ПРОПОРАЧУВА на ///// и на вработените во /////, во иднина доследно да се почитува одредбата од членот 13 од Законот за заштита на децата и да постапува согласно одредбата од членот 16 од Законот за социјалната заштита со што ќе се овозможи еднаков третман кон сите странки.**

Доколку ///// и вработените во ///// не постапат согласно наведените препораки, согласно своите надлежности уредени со одредбата од член 27 став (4) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје, 05.10.2026 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:
- Подносителот;
- /////;
- Архива на Комисијата;

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk